Бр./Nr 12-5205/3

01-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-5205/1 од 07.11.2023 година, оформен по доставена пријава во врска со спроведени постапки за јавна набавка објавена од страна на ЈПКД „-------------" – ------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од причина што во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон (нема прекршување на други закони).

Предметот со број 12-5205/1 од 07.11.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 12.12.2022 година, поднесена е пријава во врска со спроведени постапки за јавна набавка објавена од страна на ЈПКД „---------" – ------------- и оформен е предмет број 12-5205/1 од 07.11.2023 година.

Наводите во пријавата се однесуваат на сомнежи за несоодветно спроведени постапки за јавна набавка со број -----/2021; -----/2022 и -----/2023 во која договорен орган е ЈПКД ,,---------" - ----------.

Имено, во пријавата е наведено дека јавното претпријатие во техничката спецификација која е составен дел на тендерската документација во оваа постапка, предвидена била набавка на три ставки и тоа: позиција 1: катјонски течен полиелектролит, позиција 2: катјонски флокулант и позиција 3: грануларен полимер. За производот од позиција 1 и позиција 3 генерален застапник за Р.С. Македонија е понудувачот --------------- и од овие причини е сомневањето дека за него е наменет тендерот. Од ДКСК се бара да го преиспитаме случајот и да утврдиме по кој критериуми бил избран економскиот оператор

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

и дали меѓу договорниот орган и фирмата која е избрана и со која е потпишан договор постоеле коруптивни односи и криминал заради злоупотреба на средствата.

Во насока на целосно утврдување на фактичката состојба по пријавените наводи, ДКСК побара од Бирото за јавни набавки да ни обезбеди електронски пристап до спроведените постапки по јавна набавка со број -----/2021; -----/2022 и -----/2023.

Во законски утврдениот рок, Бирото за јавни набавки ни обезбеди електронски пристап до спроведените постапки.

Во врска со отворената постапка за јавна набавка со оглас бр.-----/2021 за набавка на стока полимер за третман на отпадна мил, од анализа на доставената документација ДКСК констатира дека договорниот орган добил понуди од 5 (пет) економски оператори. Од увидот во Електронскиот систем за јавни набавки, и на тендерската документација и извештајот за текот на е-Аукцијата на полимер за третман на отпадна мил фирмата Друштво за производство, трговија и услуги „-----------" ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, доставила понуда во вкупен износ 787.250,00 денари без ДДВ, фирмата ДПИТ „-----------" ДООЕЛ ----------, доставила понуда во вкупен износ од 799.000,00 денари без ДДВ, фирмата ДПИ „----------------" ДООЕЛ Скопје, доставила понуда во вкупен износ од 2.000.000,00 денари без ДДВ, фирмата ТДВИЛ „----------" ДООЕЛ доставила понуда во вкупен износ 2.025.000,00 денарибез ДДВ додека фирмата ДПТУ„---------" ДООЕЛ Скопје, доставила понуда во вкупен износ од 2.200.000,00 денари без ДДВ.

По Барање од ------------Раководител на пречистетителната станица за отпадни води (ПСОВ) во --------- и одговорно лице за техничка спецификација од тендерската документација за набавка на стока-Полимер за третман на отпадна мил, за потребите на ПСОВ ----------, по оглас бр.-----/2021 од --.--.2021 година, се бара од Комисијата за јавни набавки да го поништи огласот и да се распише нов оглас. Причината за ваквото барање од наведеното лице е тоа што со барањата од техничката спецификација од тековната постапка за јавна набавка со оглас број -----/2021 се ограничуваат економските оператори да ги понудат само најскапите полимери од нивниот асортиман на достапни полимери.

Во врска со отворената постапка за јавна набавка со оглас бр.-----/2022 за набавка на стока полимер за третман на отпадна мил, од анализа на доставената документација ДКСК констатира дека договорниот орган добил понуди од 5 (пет) економски оператори. Врз основа на извршената проверка на приложените документи за способност на понудувачите и дополнително побараните објаснувања, комисијата заклучила дека економскиот оператор ДПТУ „-----" ДООЕЛ Скопје не ги доставила потребните документи односно не било доставено валидно Решение за вршење дејност промет со хемикалии издадено од Министерството за здравство. Од увидот во Електронскиот систем за јавни набавки, и на тендерската документација и извештајот за текот на е-Аукцијата на полимер за третман на отпадна мил фирмата ДПТУ „----------" ДООЕЛ Скопје доставила понуда во вкупен износ 839.500,00 денари без ДДВ, фирмата ДПИТ „------------" ДООЕЛ ---------- доставила понуда во вкупен износ од 851.000,00 денари без ДДВ, фирмата ДПИ „--------------" ДООЕЛ Скопје

доставила понуда во вкупен износ од 931.500,00 денари без ДДВ, додека фирмата ТДВИЛ „-----------" ДООЕЛ доставила понуда во вкупен износ 2.025.000,00 денарибез ДДВ.

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на РСМ" број 24/2019) и Извештајот од спроведената постапка на Комисијата за јавни набавки овластеното лице на ЈПКД „-----------" ---------- донел Одлука за избор на најповолна понуда. За најповолна понуда од постапката за јавна набавка на стока –Полимер за третман на отпадна мил, по спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки со објавување на оглас број -----/2022 и конечно рангирање на понудите на ЕСЈН, се прифаќал понудата на ДПТУ „----------" ДООЕЛ Скопје.

Во врска со отворената постапка за јавна набавка со оглас бр.-----/2023 за набавка на стока полимер за третман на отпадна мил, од анализа на доставената документација ДКСК констатира дека договорниот орган добил понуди од 4 (четири) економски оператори. По извршениот увид во документите на пристигнатите четири понуди од економските оператори: „------------" ДООЕЛ Скопје, „----------" ДООЕЛ Скопје, „--------" ДООЕЛ --------, и „------------" ДООЕЛ Скопје, констатирано е дека документацијата на три од четирите економски оператори е во согласност со техничките спецификации на тендерската документација, додека документацијата на економскиот оператор „---------" ДООЕЛ -------- не ги исполнувала барањата на договорниот орган наведени во тендерската документација, истата не била комплетна, немала валидни сертификати ISO 9001 и ISO 14001, авторизација од производител и соодветно обучен персонал, поради што се предлагало истата да не продолжи во постапката. Од увидот во Електронскиот систем за јавни набавки, и на тендерската документација и извештајот за текот на е-Аукцијата на полимер за третман на отпадна мил фирмата ДПТУ „--------" ДООЕЛ Скопје доставила понуда во вкупен износ 1.312.950,00 денари без ДДВ, фирмата ТДВИИ „---------" ДООЕЛ Скопје доставила понуда во вкупен износ 1.330.456,00 денари без ДДВ додека фирмата ДПИ „------------" ДООЕЛ Скопје доставила понуда во вкупен износ 1.663.070,00 денари без ДДВ.

Комисијата за јавни набавки евалуацијата на прифатливата понуда ја извршил врз основа на критериумот најниска цена за доделување на договорот, утврден во огласот и во тендерската документација. По извршената евалуација и конечно рангирање на понудите, согласно член 113 од Законот за јавни набавки за најповолна понуда се избира понудата на Друштво за производство, трговија и услуги „--------" увоз извоз ДООЕЛ Скопје.

Наведно е и тоа дека доколку било кој од учесниците во постапката сметале дека била истата несоодветно спроведена имале можност за доставување на жалба, но дека во определениот законски период за поднесување на истите не добиле известување дека било кој учесник поднел жалба за постапката.

По ова, ДКСК констатира дека во случајот со утврдената фактичка состојба не е констатирана повреда на Закон (нема прекршување на други закони) и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
-подносителот на пријавата

Изработил: Ф.О.
Одобрил: м-р Ш. С., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TE KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut